Друштво за внатрешна и надворешна трговија
ТОЗ-МК ДОО
Бр. 05-1131/1
08.06.2021 год.
СКОПЈЕ

0 8 -06- 2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 10-4582/18
20 год. viti

# ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА СТОКИ

## Набавка на канцелариски материјали и тонери за канцелариско работење за потребите на Министерството за образование и наука
## ДЕЛ 1- Набавка на канцелариски материјали за потребите на Министерството за образование и наука

1. **Министерство за образование и наука**, со седиште на ул. „Св.Кирил и Методиј“ бр.54, 1000 Скопје, претставувано од министерот за образование и наука **Мила Царовска** (во понатамошниот текст „Набавувач”) од една страна и

2. **Друштво за внатрешна и надворешна трговија ТОЗ-МК ДОО Скопје**, со седиште на ул. „Трета Македонска Бригада“ бр.76, 1000 Скопје, застапувано од управителот **Илчо Петровски**, (во понатамошниот текст „Добавувач”) од друга страна.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој Договор е набавка на канцелариски материјали и тонери за канцелариско работење за потребите на Министерството за образование и наука ДЕЛ 1- Набавка на канцелариски материјали за потребите на Министерството за образование и наука, согласно Техничките спецификации од тендерската документација заведена со бр. 10-4582/2 од 10.03.2021 година, а по објавување на Оглас во поедноставена отворена постапка бр. 05350/2021 за доделување на договор за јавна набавка на стоки со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) и завршува со е-аукција, Одлуката за јавна набавка заведена под бр. 10-4582/1 од 10.03.2021 година, Одлуката за измена и дополнување на одлуката за јавна набавка бр.10-4582/10 од 05.05.2021 година и Извештајот од спроведената постапка заверен под бр. 10-4582/11 од 05.05.2021 година, Одлука за избор на најповолна понуда со бр. 10-4582/13 од 07.05.2021 година и Конечната понуда бр.10-4582/16 од 01.06.2021 година.

| ДЕЛ 1:КАНЦЕЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛИ | | Ед.мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Регистратор А 4 широк минимум 8 sm кутија со лепенка облепен со хартија во боја | парче | 700 | 53,631 | 37542,048 |
| 2 | Папка со метален шетачки механизам, А4 формат, просирна пластифицирана прва страна | парче | 800 | 5,692 | 4553,205 |
| 3 | Папка ,хромо картон со преклоп, А4 формат мимимум 280gr 25h33 sm | парче | 700 | 3,284 | 2298,493 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Најлонски УП папки за документи, перфорирани, А4 формат, од минимум 30 микрони, минимум 1/100 парчиња во едно пакување | пакување | 400 | 54,726 | 21890,407 |
| 5 | Коректор со разредувач, сет 1/2, од минимум 20 мл, еколошки, | пакување | 100 | 40,497 | 4049,725 |
| 6 | Спајалици 2, 28mm од минимум 1/100 | пакување | 800 | 5,473 | 4378,081 |
| 7 | Спајалици 6, 50 mm од минимум 1/100 | пакување | 100 | 32,836 | 3283,561 |
| 8 | Иглици за хефталица 24/6, од минимум 1/1000 | пакување | 700 | 6,567 | 4596,986 |
| 9 | Иглици за хефталица 23/13, од минимум 1/1000 | пакување | 50 | 17,075 | 853,726 |
| 10 | Мастило за печат, од минимум 30 ml , сина боја | парче | 20 | 7,662 | 153,233 |
| 11 | Јастуче за печат, со минимум 68x101мм | парче | 10 | 19,701 | 197,014 |
| 12 | Ножички од нерѓосувачки челик, од минимум 13 cm | парче | 100 | 14,229 | 1422,876 |
| 13 | Моливи дрвени со гума, HB | парче | 800 | 3,065 | 2451,726 |
| 14 | Гуми за бришење на пенкало , со минимум 38x10x30мм | парче | 100 | 3,284 | 328,356 |
| 15 | Острилки метални со минимум димензии 37x23x8 мм | парче | 150 | 4,925 | 738,801 |
| 16 | Линеар пластичен, од минимум 30 sm | парче | 50 | 5,692 | 284,575 |
| 17 | Чаша за моливи пластична минимум 200мл | парче | 100 | 17,512 | 1751,233 |
| 18 | Самолепливи ливчиња, од минимум 1/100 со минимум димензии 75 мм h75мм | пакување | 900 | 7,662 | 6895,478 |
| 19 | Самолепливи мемо стикери за обележување во разни бои по минимум 25 л. | | 700 | 10,945 | 7661,643 |
| 20 | Текст маркер за обележување, во различни бои | парче | 300 | 4,378 | 1313,424 |
| 21 | Хемиски пенкала со метална клипса траг од 0,5 мм до 07 мм), во сина боја | парче | 600 | 5,692 | 3414,904 |
| 22 | Хемиски пенкала за водење деловодник, со гел во сина боја, (траг од 0,5 мм до 0,7 мм) | парче | 350 | 5,473 | 1915,411 |
| 23 | USB, флеш меморија минимум 8 GB | парче | 180 | 97,412 | 17534,216 |
| 24 | Хефталица клешта 24/6 – | парче | 150 | 67,860 | 10179,039 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - | 26/6 , минимум 20 листови | | | | |
| 25 | Дехефталица | парче | 100 | 16,418 | 1641,781 |
| 26 | Дупчалка до 40 листа , со граничник и маркер за центрирање | парче | 50 | 156,516 | 7825,821 |
| 27 | Полици за документи PVC хоризонтални за А4 формат , минимум 243x335x57 | парче | 150 | 50,348 | 7552,190 |
| 28 | Селотејт, со минимум димензии 15 mm h 33m | парче | 250 | 3,831 | 957,705 |
| 29 | Коверти мали С6, со минимум димензии 114h162 со лента самолепливи | парче | 9000 | 0,438 | 3940,273 |
| 30 | Коверти средни В5, со минимум димензии 176h250 со лента самолепливи | парче | 9000 | 0,766 | 6895,478 |
| 31 | Коверти големи В4, со минимум димензии 250h353 со лента самолепливи | парче | 9000 | 1,861 | 16746,162 |
| 32 | Архивски кутии, со минимум димензии 36h26h13sm со лепенка облепени со хартија во боја, со врвка | парче | 1200 | 71,144 | 85372,588 |
| 33 | Фотокопирна хартија бела, А4 формат, минимум 1/500, 80г/м$^2$ bela | топ | 9000 | 114,925 | 1034321,741 |
| 34 | Дупла бела хартија,А3 формат, 80 gr./ м2 од минимум 1/250 | топ | 50 | 151,044 | 7552,190 |
| 35 | Шпартана хартија, А3 формат 60 gr./ м2 од минимум 1/250 | топ | 60 | 151,044 | 9062,629 |
| 36 | Ленти за машина за сметање 57mm, најмалку 60 гр. / м2, бела боја минимум 25 m | парче | 10 | 9,303 | 93,034 |
| 37 | Каса прими ( карбонизирани ), со минимум 20h9,5 см, минимум 1/100 листови во кочан | кочан | 10 | 17,512 | 175,123 |
| 38 | Каса исплати ( карбонизирани ), со минимум 20h9,5 см , минимум 1/100 листови во кочан | кочан | 10 | 17,512 | 175,123 |
| | ВКУПНА ЦЕНА БЕЗ ДДВ | | | 1. 322.000,000 | |
| | ДДВ 18% | | | 236.246,14 | |
| | ВКУПНА ЦЕНА СО ДДВ | | | 1. 558.246,14 | |

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Добавувачот, стоките наведени во член 1 од овој Договор, ќе ги добави за вкупна вредност до 1.322.000, 00 (еден милион триста дваесет и две илјади) денари, без ДДВ.

Вредноста на ДДВ за овој износ изнесува 236.246, 14 денари ( двеста триесет и шест илјади, двеста четириесет и шест денари и четиринаесет дени).

Вкупниот износ од договорот со пресметан ДДВ изнесува до 1.558.246,14 денари (еден милион петстотини педесет и осум илјади, двеста четириесет и шест денари и четиринаесет дени).

Не се предвидува корекција на единечните цени, истите ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

За извршување на договорот на јавната набавка не е дозволено авансно плаќање.

## III. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 3**

Набавувачот плаќањето ќе го изврши во рок од 60 дена од денот на приемот на фактура/и во архивата на Набавувачот, а по испораката на стоката од член 1 од овој Договор, по направена контрола од страна на овластен преставник на набавувачот, доставена уредно пополнета и соодветно изготвена фактура/и и испратница за испорачаните стоки, потпишана од овластено лице од набавувачот и добавувачот.

Добавувачот е должен да достави соодветна и уредна фактура/и откако ќе биде извршена контрола (прием, преглед и потврдување) на сообразноста на испорачаните стоки.

Фактурата се смета за уредна и исправно пополнета доколку ги исполнува следните критериуми:

- На фактурата е наведен архивскиот број и називот на договорот/нарачката/друг документ врз основа на кој е издадена;
- Кон фактурата за стоките е приложена испратница со полно име и презиме и потпис на лицето кое нарачателот го овластило да врши прием на стоките и документ за потврда на сообразноста на стоките потпишана од страна на крајниот корисник и/или Набавувачот;
- Во фактурата е наведен рокот за плаќање кој што е наведен во став 1 на овој член;

Фактурата која не ги задоволува горенаведените критериуми се смета за неисправна и ќе биде вратена на соодветна корекција.

Начинот на плаќање е задолжителен.

## IV. РОК НА ТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Времетраењето на договорот изнесува до 12 месеци, од денот на потпишување на овој договор од двете договорни страни.

## V. НАЧИН И МЕСТО НА ИЗВРШУВАЊЕ/ИСПОРАКА

**Член 5**

Стоката се испорачува сукцесивно, во зависност од нарачаните количини, во рок од 3 дена од денот на доставената писмена нарачка на набавувачот.

Место на испораката се просториите на Министерството за образование и наука.

## VI. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Добавувачот е должен да обезбеди и достави Банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на Договорот во износ од 10% од вредноста на договорот со вклучен ДДВ, по добиеното известување за извршениот избор, а во рок од 5 (пет) дена од денот на склучување на договорот.

Банкарската гаранцијата за квалитетно извршување на Договорот треба да биде поднесена во писмена, оригинална форма, копии не се прифаќаат.

Банкарската гаранцијата за квалитетно извршување на Договорот треба да биде со важност до целосното реализирање на договорот, продолжена за 30 (триесет) дена.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот треба да биде во валута на која гласи договорот и да биде издадена од банка.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот се доставува лично на лицето за контакт одредено од страна на Набавувачот.

**Член 7**

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку Добавувачот:

- не ги почитува правилата и прописите за набавка на ваков вид стоки;
- не ги отстрани недостатоците преку замена на стоки, во рок од 7 (седум) дена од денот на поднесено барање за замена на стоки од Набавувачот;
- не го испочитува рокот за испорака на истите;
- не исполни некоја од обврските на овој Договор.

Во случај да не се изврши предметот на набавката навремено или доколку не прифати да направи корекции за забелешките кои ќе ги утврди Набавувачот или во случај на неисполнување на некоја од обврските кои ќе бидат дефинирани во договорот, Набавувачотот писмено ќе го извести Добавувачот дека ќе пристапи кон наплата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот по 10 дена од денот на доставената писмена опомена до Добавувачот.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот Набавувачот му ја враќа на Добавувачот во рок од 14 (четиринаесет) дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот Набавувачот му ја враќа на Добавувачот по пошта или лично во седиштето на Набавувачот .

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот, Добавувачот е должен соодветно да го продолжи рокот на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот.

**Член 8**

Лица определени од Набавувачот за следење на реализација на договорот се Газмен Синани и Драган Николовски.

Лицата за следење на реализација на договорот се должни да ги вршат следниве работи:

- да контактираат со Добавувачот по потреба;
- да доставуваат барања за одреден тип на стоки сукцесивно;
- да го следат квалитетот и квантитетот на извршување на договорот;
- во рок од 5 (пет) дена од денот на прием на фактура/испратница, изготвуваат и доставуваат писмен доказ за враќање на фактура/ситуација доколку утврди дека истата не е согласно договорот;
- го следат рокот за испорака на стоките;
- составуваат записник за примопредавање кај набавките за стоките, кој треба да е во согласност со доставената техничка спецификација;
- известуваат за настанати проблеми во текот на реализација на договор и се одговорни за координација на засегнатите страни со цел надминување и решавање на настанатите проблеми;
- ги следат роковите утврдени во договорот како и времетраењето на договорот, иницираат превземање и/или превземаат соодветни постапки со цел да обезбеди реализација на договорот во рамките на утврдените рокови и времетраење на договорот ;
- задолжително при целосна реализација на договорот од двете договорни страни, до одделението за координација на јавните набавки доставуваат допис потпишан и архивиран дека договорот е целосно реализиран;
- го следат рокот на важност на банкарската гаранција или иницираат превземање и/или превземаат соодветни постапки со цел да го обезбеди период на важност на банкарска гаранција и иницира превземање и/или превзема активности за активирање на банкарската гаранција во случаи предвиден со договор и закон;
- ја следат исплатата и обезбедуваат дека нема да се надмине утврдената вредноста на договорот
- вршат други работи за следење и реализација на договорот за набавката;

## V. КАЗНЕНИ ПЕНАЛИ И ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 9**

Доколку Добавувачот задоцни со извршување на работите од овој договор, онака како што е договорено или утврдено според роковите во овој договор, во таков случај Добавувачот се обврзува да му плати на Набавувачот казнени пенали во висина од 0,5% од вкупната вредност на овој договор за секој ден задоцнување, но не повеќе од 5% од вкупната вредност на овој договор, за што се согласни и двете договорни страни.

Набавувачот не може да бара договорна казна поради задоцнување ако го примил исполнувањето на обврската, а без одлагање не му соопштил на Добавувачот дека го задржува своето право на договорна казна.

Во случај на раскинување на договорот по вина на Добавувачот, истиот се обврзува да му плати на Набавувачот договорна казна во висина од 30% од вкупната вредност на овој договор, за што се согласни и двете договорни страни.

Доколку Набавувачот претрпел штета која го надминува износот на договорната казна, Добавувачот ќе исплати разлика до целосниот надомест на штета.

## VI. ОБЕШТЕТУВАЊЕ

### Член 10

Добавувачот е должен на Набавувачот да му ја надомести штетата предизвикана поради лоша испорака или други недостатоци на опремата која е предмет на договорот согласно Законот за облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачи.

## VII. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 11

Овој Договор се смета за склучен со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

### Член 12

Овој Договор може да биде раскинат доколку договорните страни не се придржуваат кон одредбите на овој Договор.

### Член 13

Набавувачот има право еднострано да го раскине овој Договор доколку Добавувачот прекрши некоја одредба од овој Договор, а прекршувањето не го исправи во рок од 7 дена од денот на добивањето на писмено предупредување од страна на Набавувачот или во случај кога Добавувачот не се придржува кон обврските од член 3 на овој Договор.

### Член 14

Во случај на раскинување на овој Договор по вина на Добавувачот должен е на Набавувачот веднаш без одлагање да му ги подмири сите дотогашни обврски, како и да му ги надомести штетите (материјални и нематеријални) кои ќе бидат предизвикани на Набавувачот.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 15

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а во спротивно за истиот ќе решава стварно надлежниот суд во Скопје.

**Член 16**

Овој Договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци, од кои по 3 (три) примероци за секоја договорна страна.

**Член 17**

Овој Договор се смета за склучен со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**НАБАВУВАЧ,**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**МИНИСТЕР**
**Мила Царовска**

____________________

**ДОБАВУВАЧ**
**Друштво за внатрешна и надворешна трговија ТОЗ-МК**
**УПРАВИТЕЛ,**
**Илчо Петровски**

____________________

Изготвил: Рајне В.Лазаревска
Прегледал: Милка Масникоса
Одобрил: Маја Бичиклиска